Управниот Одбор на Топлификација АД-Скопје, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, го објавува следното

**И З В Е С Т У В А Њ Е**
**за услови, начин и постапка за исклучување и повторно приклучување на топлификациониот систем на Топлификација АД Скопје**

Корисникот на топлинска енергија на кого по негово барање ќе му биде исклучено греењето на станот во објект приклучен на топлификациониот систем на Топлификација АД Скопје, ќе биде целосно ослободен од плаќање на надоместок за топлинска енергија, доколку по исклучувањето живее во истиот стан, затоа што се претпоставува дека исклучениот стан ќе биде загреван со друг извор на топлинска енергија и со тоа нема да влијае врз нормалното загревање на останатие станови во објектот.

Доколку корисникот на топлинска енергија на кого по негово барање ќе му биде исклучено греењето во стан во објект приклучен на топлификациониот систем, по исклучувањето не живее во истиот стан, ќе плаќа 50% од надоместокот за потрошена топлинска енергија, што би се плаќал кога просторот нормално би се затоплувал.

Надлежните служби на Топлификација АД-Скопје, во согласност со претходно потпишаната изјава од корисникот кој што се исклучил од топлификациониот систем, ќе вршат проверка дали корисникот на исклучениот стан недозволено се приклучил на топлификациониот систем или корисникот на исклучениот стан живее во станот, по што, во зависност од утврдената состојба, ќе бидат вршени и измени околу задолжувањата за плаќање на надоместокот за потрошена топлинска енергија.

Надоместокот на трошоците на Топлификација АД-Скопје за исклучувањето на становите од топлификациониот систем се врши согласно Одлука за определување на цени за пробно греење, испуштање на ХПВ, приклучување и исклучување од топлификациониот систем, и тоа:

1. Фиксни трошоци по интервенција..............400 денари
2. Интервенција по радијатор ........................300 денари
3. Испуштање на ХПВ во сезона (топла) ......312 ден/м$^3$
4. Испуштање на ХПВ вон сезона (ладна) ....144 ден/м$^3$

На целиот износ се пресметува данок на додадена вредност.

Надоместокот на трошоците на Топлификација АД-Скопје за повторно приклучување на становите на топлификациониот систем се врши согласно Одлука за определување на цени за пробно греење, испуштање на ХПВ, приклучување и исклучување од топлификациониот систем, и тоа:

1. Фиксни трошоци по интервенција..............400 денари
2. Интервенција по радијатор .......................100 денари
3. Испуштање на ХПВ во сезона (топла) ......312 ден/м$^3$
4. Испуштање на ХПВ вон сезона (ладна) ....144 ден/м$^3$

На целиот износ се пресметува данок на додадена вредност.

**За да може корисникот да го исклучи, односно повторно да го приклучи станот на топлификационоит систем, потребно е во најблискиот наплатен пункт на Топлификација АД-Скопје да поднесе барање за исклучување на станот и да плати надоместок, согласно Одлуката за определување на цени за пробно греење, испуштање на ХПВ, приклучување и исклучување од топлификационоит систем, бр. 02-884/1 од 16.02.2007 година, донесена од Управниот одбор на Топлификација АД Скопје.**

**Топлификација АД Скопје**